АД ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - СКОПЈЕ, ДИРЕКЦИЈА
11 Октомври 9, 1000 Скопје, П.фах 16,
Р. Северна Македонија

# ТЕНДЕРСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

# ЗА

# КУПОПРОДАЖБА НА ЈАГЛЕН (ЛИГНИТ) за потребите на РЕК Битола

## Јавен повик – отворен систем на понуди

## Бр. 01-97/2024

# СОДРЖИНА


I. **Општи Информации**
II. **Инструкции за понудувачите**
III. **Прилози на Тендерската документација**

- **Прилог број I - Образец на понуда**
- **Прилог број II - Модел на договор**
- **Прилог број III - Техничка спецификација за РЕК Битола**
- **Прилог број IV - Изјава за докажување на способноста**

## I. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

**1.1. Купувач:**

1.1.1. А.Д. за производство на електрична енергија "Електрани на Северна Македонија", во државна сопственост-Скопје.

1.1.2. Адреса на купувачот: улица 11 Октомври бр. 9, Скопје

1.1.3. Контакт лице и телефони на купувачот:
Димитар Азески, тел. 02/3149-103, електонска пошта: dimitar.azeski@elem.com.mk
Никола Стојановски, тел. 02 31749-127, електонска пошта: nikola.stojanovski@elem.com.mk

**1.2. Предмет на набавка и количини**

1.2.1. **Предмет на набавка е: Купопродажба на јаглен (лигнит), за потребите на РЕК Битола**

1.2.2. Количина на набавката:
- околу 800.000 тони

1.2.3. Количините се ориентациони и не се обврзувачки за АД ЕСМ. Стварно набавените количини ќе зависат од квалитетот на јагленот и предвидените средства за оваа набавка.

1.2.4. Квалитетот и крактеристиките на јагленот –лигнит, дадени се во Техничките спецификации кои се прилог на оваа ТД.

**1.3. Вид на постапка :**

1.3.1. Јавен повик, без примена на Законот за Јавни набавки согласно Член 23 став 1 точка 10 од истиот.

1.3.2. Огласот е јавен, со право на учество на сите домашни и странски правни лица.

1.3.3. Постапката ќе се спроведува преку отворен систем на понуди што значи, секој заинтересиран економски оператор е слободен, во секое време за траењето на системот, да достави своја понуда, користејќи ги обрасците и во согласност со условите од Тендерската документација изготвена од АД „ЕСМ".

1.3.4. Траење на отворениот систем на понуди:
- до исполнување на средствата предвидени за оваа набавка или
- до 29.01.2026 година (до овој рок може да се доставуваат понуди)

зависно од тоа кој услов побрзо ќе се исполни.

**1.4. Количина, рокови и динамика на испорака и траење на договорот:**

1.4.1. Минималната количина која може да се достави понуда е:
- 100.000 тони јаглен

1.4.2. Доколку се нуди јаглен од повеќе јагленови наоѓалишта условот од минимум 100.000 тони понуден јаглен може да биде исполнет и кумулативно при што, најмалата понудена количина јаглен од едно наоѓалиште не може да биде помала од 50.000 тони јаглен.

1.4.3. Дозволена е понуда на јаглен од различно потекло - повеќе рудници/јагленови наоѓалишта, при што, мора да се запази условот за минимална количина од претходната точка.

1.4.4. Рокови и динамика на испорака: согласно **Член 2** од Моделот на договор даден во оваа Тендерска Документација.

**1.5. Тест количини и пробни количини**

1.5.1. Секој понудувач заедно со понудата да достави и сса 20 кг (дваесет килограми) количини од понудениот јаглен заради лабораториско тестирање во лабораториите на Купувачот во РЕК Битола (пакувањето со тест количини да има прикачено затворен коверт со податоци од кое рудно наоѓалиште е јагленот и кој е понудувач и истото се доставува во РЕК Битола или во Дирекцијата на АД ЕСМ-Скопје.)

1.5.2. Лабораториското испитување од претходната точка е во функција на проверка на

понудениот јаглен споредено со Техничката спецификација на Купувачот (прилог на оваа ТД) и елементарно техничка анализа (цертификатот за квалитет) на понудениот јаглен доставен од страна на понудувачот.

1.5.3. Купувачот го задржува правото да направи проверка на примерок од јагленот и во сертифицирана лабораторија која не е негова сопственост.

1.5.4. Резултатот од лабораториското испитување ќе влијае на не/прифатливоста на понудата.

1.5.5. Секој понудувач со кој ќе се склучи договор треба да испорача пробна количина на јаглен од околу 500 тони јаглен за РЕК Битола. Исклучок од доставување пробни количини е во случај кога понудениот јаглен е веќе согоруван во РЕК Битола.

1.5.6. Деталите околу испораката на пробните количини се содржани во моделот на договор

1.5.7. Деталите околу испораката на пробните количини се содржани во Техничката спецификација.

## 1.6. Рок за доставување на првична понуда:

1.6.1. Секој економски оператор е слободен, во секое време за траењето на системот, да достави своја првична понуда.

## 1.7. Начин, адреса за доставување и содржина на понудите:

1.7.1. <u>Понудата се доставува во два коверта.</u> Надворешниот коверт во горниот лев агол треба да содржи назнака "Не отворај", понуда по „ јавен повик за набавка на јаглен (лигнит) и бр. на Повикот , име на Купувачот и негова адреса со назнака за Комисија за јавни набавки. Вториот коверт се наоѓа во надворешниот коверт, а треба да содржи назив на понудувачот и негова точна адреса. Вториот/внатрешен коверт содржи:

*1.7.1.1.* Пополнет и потпишан Образец на понуда (прилог 1 на оваа ТД)

*1.7.1.2.* Парафиран модел на договор (прилог 2 на оваа ТД)

*1.7.1.3.* Елементарно техничка анализа (цертификат за квалитет) согласно барањата во Техничката спецификација. Елементарно техничка анализа за понудениот јаглен не треба да е постара од 12 месеци сметано од денот на доставување на понудата па наназад.

*1.7.1.4.* Копија од акредитацијата на лабораторијата која ја издала елементарно техничка анализа (цертификатот за квалитет) на понудениот јаглен

*1.7.1.5.* Писмен доказ (овластување и/или авторизација и/или договор и/или друг соодветен документ (во оригинал или нотарски заверена копија), во кој најмалку ќе биде внесено: количината на понудениот јаглен, потеклото и изворот на јагленот и други податоци) од рудникот или негов застапник /дилер на име на понудувачот со кое го овластува, јагленот да го нуди во оваа постапка за набавка, задолжително наведувајќи го бројот на огласот и купувачот - АД „ЕСМ" – Скопје (ако рудникот не е и понудувач) и контакти (телефони и електронска адреса) од рудникот/оној кој што го дава документот на понудувачот.

Доколку писмениот доказ го дава официјален застапник / дилер на рудникот, тогаш треба да достави и писмен доказ за застапништвото / дилерството.

Доколку рудникот е и понудувач, тогаш само негова Изјава за истото.

*1.7.1.6.* Потпишана - Техничка спецификација за набавка на јаглен за РЕК Битола – Прилог бр. 3

*1.7.1.7.* Пополнета изјава – Прилог бр. 4

*1.7.1.8.* Гаранција на понуда согласно точка 1.8.1.1 од оваа ТД

*1.7.1.9.* Документ за регистрирана дејност (ДРД Образец издаден од Централниот Регистар на РСМ) или соодветен надлежен орган во земјата на понудувачот.

*1.7.1.10.* Тековна состојба на економскиот оператор издадена од Централниот Регистар на

РСМ или соодветен надлежен орган во земјата на понудувачот

1.7.2. Понудувачите своите првични понуди ги доставуваат на следната адреса:

**А.Д. за производство на електрична енергија "Електрани на Северна Македонија" - Скопје, ул. 11 Октомври бр 9, Скопје.**

1.7.3. **Отворањена понуда**

*1.7.3.1.* Отворањето на секоја понуда ќе се врши истиот или надоцна следниот работен ден кога понудата е доставена, од страна на Комисијата за јавни набавки, за што се изработува записник.

## 1.8. Гаранции:

1.8.1. **Гаранција на понуда – гаранција за учество на тендер :**

*1.8.1.1.* Банкарска гаранција на понудата задолжително во прилог на својата понуда доставува секој понудувач. Банкарската гаранција треба да е во оригинална форма, неотповиклива, безусловна, платива на прв повик во висина од 2% од вредноста на понудата без ДДВ, издадена во полза на АД ЕСМ – Скопје. Трошоците за проследување на гаранцијата се на товар на Понудувачот.

*1.8.1.2.* Гаранцијата на понудата се доставува заедно со понудата и не може дополнително да се достави.

*1.8.1.3.* Гаранцијата на понудата треба да е со важност за не помалку од 15 дена од денот на истекот на важноста на понудата.

*1.8.1.4.* Купувачот може да ја наплати гаранцијата на понудата ако понудувачот:

- ја повлече својата понуда пред истекот на периодот на нејзината важност,
- не ја прифати исправката на аритметичките грешки,
- не го потпише договорот или
- не ја обезбеди гаранцијата за навремено и квалитетно извршување на договорот.

*1.8.1.5.* Купувачот може, во исклучителни случаи кои не настанале по негова вина, да побара од понудувачите продолжување на периодот на важност на банкарската гаранција.

*1.8.1.6.* Гаранцијата на понудата им се враќа на понудувачите кои не се избрани за најповолни, после извршениот избор на најповолна понуда/и, а на избраниот понудувач, по потпишувањето на договорот и доставување гаранцијата за негово навремено и квалитетно извршување.

## 1.9. Гаранција за навремено и квалитетно извршување на договорот

1.9.1. Доколку се направи избор на понудата, услов за полноважност на договорот со избраниот понудувач е обезбедување банкарска гаранција од негова страна, за навремено и квалитетно извршување на договорот, во висина од **2%** од вредноста на договорот без вклучен ДДВ и со детали предвидени во моделот на договор, кој е прилог на оваа ТД**.**

## 1.10. Јазик на тендерот

1.10.1. Тендерската документација е достапна на македонски јазик

1.10.2. Јазик на кој се доставува понудата: Македонски јазик.

1.10.3. Документацијата која ја доставуваат странските понудувачи треба задолжително да биде преведена на македонски јазик.

1.10.4. Договорот ќе се склучи на македонски јазик.

## ИНСТРУКЦИИ ЗА ПОНУДУВАЧИТЕ ЗА ПОДГОТОВКА НА ПОНУДАТА

### 2.1 Способност (компетентност) на понудувачот:

2.1.1 За да ја докаже својата способност за извршување на договорот од аспект на неговата **лична состојба, економскиот оператор ја пополнува и доставува Изјавата – прилог бр. 4 кон оваа ТД.**

2.1.2 За да ја докаже својата **способност за извршување на договорот од аспект на неговата Способност за вршење професионална дејност , економскиот оператор доставува:**

- Документ за регистрирана дејност (ДРД Образец издаден од Централниот Регистар на РСМ) или соодветен надлежен орган во земјата на понудувачот.
- Тековна состојба на економскиот оператор издадена од Централниот Регистар на РСМ или соодветен надлежен орган во земјата на понудувачот.

### 2.2 Трошок за поднесување на понуди

2.2.1 Понудувачите ќе ги сносат сите трошоци поврзани со подготовката и доставувањето на нивната понуда и Купувачот во ниеден случај нема да биде одговорен или должен за овие трошоци, без оглед на исходот од постапката.

### 2.3 Критериуми за избор на најповолен понудувач

2.3.1 Под услов на прифатливост на понудата во смисла на комплетност и валидност на документација и прифатливост во смисла на технички карактеристики, хемиски состав и резултатите од тестирањето, критериуми за избор на најповолна понуда е економски најповолна понуда: - цена 100%.

### 2.4 Подготовка на понудите

2.4.1 Понудата се подготвува на оригиналната тендерска документација која понудувачот ја подигнал од Купувачот.

### 2.5 Цена на понудата

2.5.1 Понудата треба да содржи единечна цена за предаден јаглен на депониите во РЕК Битола, во гранулација, својства и квалитет како што се бара со ТД и да биде изразена **во MKD/GJ без ДДВ.**

2.5.2 Единечната цена треба да ги содржи сите трошоци за испорака до купувачот, царинско шпедитерски и други давачки, на паритет ДДП РЕК Битола, согласно ИНКОТЕРМС 2020 и условите и барањата од оваа ТД.

2.5.3 Утврдувањето на топлотната вредност на испрачаниот јаглен се изведува на начин како што е опишано во моделот на договорот.

### 2.6 Валута на понудата и услови на плаќање

2.6.1 Валута на понудата е Македонски Денар (МКД). Во случај на странски понудувачи курсната листа која ќе се користи е курсната листа на Народната банка на Република Северна Македонија, а курсевите за размена се оние кои важеле 14 дена пред крајниот рок за поднесување на понудите.

2.6.2 Условите на плаќање се утврдени во моделот на договор и истите треба да бидат прифатени од страна на понудувачот.

### 2.7 Важноста на понудата:

2.7.1 Понудата треба да содржи рок на важност кој не смее да е пократок од **45** дена од денот на отворањето на истата.

2.7.2 Понудата се поднесува во оригинал. Секоја страна од понудата се потпишува и заверува од страна на одговорното лице на понудувачот.

**2.8 Појаснување на тендерската документација**

2.8.1 Секој понудувач кој презел ТД од Купувачот, може да побара појаснување на тендерската документација од Купувачот, исклучиво во електронска форма, преку електронска пошта на контактите од точка 1.1 од оваа ТД.

2.8.2 Појаснувањето Купувачот ќе го достави преку преку електронска пошта и доколку истото значи значителна измена на ТД, ќе го вклучи како дел од ТД за идните понудувачите кои ќе подигнат ТД после ваквите појаснувања, без при тоа да се идентификува понудувачот што побарал појаснување.

2.8.3 Купувачот задржува право, на барање од понудувачите или по свое наоѓање во текот на траењето на огласот да направи измени во тендерската документација и истата да ја направи достапна на истиот начин како и првичната ТД.

**2.9 Отворање и евалуација на понудите**

2.9.1 Отворањето на понудите не е јавно.

2.9.2 Отворањето на понудите ќе го врши Комисијата за набавки на купувачот и за секоја доставена понуда (или понуди доколку во ист ден се доставени повеќе понуди) ќе состави записник од отворањето.

**2.10 Евалуација на понудите**

2.10.1 Евалуацијата се врши врз основа на доставената документација, резултатите од тестирањето и пробното согорување на јагленот кој се нуди, утврдените критериуми за способност и понудената цена.

**2.11 Избор на најповолна понуда/и**

2.11.1 Изборот на најповолна понуда/и ќе се врши од понудите кои ќе бидат оценети за прифатливи (комплетна и валидна документација која се бара и прифатливост на понудениот јаглен согласно техничката спецификација и резултатите од тестирањето и пробното согорување на јагленот кој се нуди).

2.11.2 Од понудувачот кој дал најниска единечна цена (МКД/GJ), ќе се набави јаглен кој тој го понудил - најмногу до вкупната вредност искажана во колона бр.7 од моделот на понуда и во зависност од износот на планираните средства предвидени со одлуката за јавна набавка.

- Доколку вкупната вредност на понудата од понудувачот со најниска цена е помала од износот на планираните средства предвидени со одлуката за јавна набавка тогаш:
  - изборот ќе продолжи со второрангираниот понудувач (со втора најниска единечна цена) за вредноста од неговата понуда намалена за вредноста на понудата од прворангираниот понудувач и најмногу до износот на планираните средства предвидени со одлуката за јавна набавка.
  - правилото од претходната точка ќе се повтори се додека не се исполни износот на планираните средства предвидени со одлуката за јавна набавка.

2.11.3 Доколку две или повеќе понуди имаат иста единечна цена , предност ќе има понудата која нуди јаглен со повисока топлинска моќ, а доколку две или повеќе понуди имаат иста единечна цена и нудат иста топлинска моќ, предност има понудата која нуди поголема количина јаглен.

2.11.4 Купувачот ќе направи избор на најповолна понуда/и само во случај да постигне техно економска исплативост од таквиот избор.

2.11.5 Доколку не може да се постигне техно економска исплативост од понудата/ите од кои се врши изборот, купувачот има право да побара подобрување на поднесената понуда и оваа постапка може да се повторува се додека не се постигне техно економска исплативост или понудувачот се изјасни дека не може да ја подобрува својата понуда.

## 2.12 Доверливост на процесот на евалуација на понудите

2.12.1 Зависно од природата и специфичноста на набавката во работата на Комисијата можат да бидат вклучени и други стручни лица.

2.12.2 Никакви информации, во поглед на разгледувањето, оценките, споредбите на понудите во процесот на евалуација не смеат да се откријат на понудувачи или лица кои службено не се вклучени во постапката.

## 2.13 Однесување на службени лица

2.13.1 Купувачот се обврзува за доследна примена на највисоките стандарди за етичко и законско однесување за време на спроведување на постапката за набавка по овој повик како и при реализација на договорот со најповолниот, избраниот понудувач, како од членовите на комисијата за јавни набавки така и од одговорните лица. Истата обврска важи и од страна на понудувачите.

## 2.14 Корупциско, измамничко однесување

2.14.1 Доследно ќе се применуваат највисоките стандарди за етичко и законско однесување за време на спроведување на постапката за набавка, реализација на договорот како од страна на одговорното лице на Купувачот, Комисијата за набавки, стручните лица кај Купувачот, така и од страна на понудувачот.

## 2.15 Појаснување и контакти со понудувачот

2.15.1 Комисијата за набавки во периодот на разгледување и оценување на понудите, може писмено (преку пошта или електронска пошта) да побара од понудувачот појаснување на неговата понуда, на што, понудувачот ќе одговари во истата форма.

## 2.16 Корекција на грешки

2.16.1 Доколку Комисијата за јавни набавки утврди аритметички грешки во понудата ќе изврши соодветна корекција која е задолжителна за Понудувачот. Во случај на разлика помеѓу цените или збирови изразени во бројки и зборовите валидни ќе биде вредноста изразена во зборови. Извршената корекција, предходно опишана и во согласност со понудувачот, се смета обврзувачка за него.

## 2.17 Доделување на договор

2.17.1 За исходот по јавниот повик, односно, за секоја поднесена понуда (или понуди доколку се поднесени повеќе понуди во ист ден), одговорното лице кај Купувачот донесува одлука за не/избор на најповолна понуда.

## 2.18 Известување за избор или неизбор на најповолна понуда

2.18.1 Сите понудувачи писмено ќе бидат известени за извршениот избор или не избор на најповолен понудувач при што, ќе им се достави соодветна одлука.

## 2.19 Потпишување на договор

2.19.1 По донесената Одлука за извршен избор на најповолен понудувач, Купувачот и избраниот понудувач/и потпишуваат договор, со одредби и содржина кои се дадени во моделот на договорот и со цена и количина од избраната понуда.

2.19.1 По потпишувањето на договорот од страна на Купувачот, истиот во 4 идентични примероци ќе му биде доставен за потпис на понудувачот/продавачот.

2.19.2 Понудувачот има рок од 5 дена да ги врати два потпишани и заверени примероци од договорот заедно со банкарската гаранција за навремено и квалитетно извршување на договорот.

**Прилог бр. I. Образец на Понуда**
**Отворен систем на понуди, број 01-97/2024 објавен од АД Електрани на Северна Македонија – Скопје: Набавка на јаглен (лигнит) за потребите на РЕК Битола**

| |
|---|
| Архивски број и датум на понудата |

# ПОНУДА

**Понудувач:** ______________________________________________

(Назив, име и презиме на понудувачот и негово седиште)

**Адреса:**_____________________________________________

**Контакт лице, телефон и е-маил:** ______________________________

**Одговорно лице:** ______________________

Даночен број________________; Матичен број _________________

**Наша официјална електронска пошта (е-мејл адреса) на која може да не контактирате за целовреметраење на постапката е:** ______________________________
По разгледувањето на тендерската документација, ја доставуваме нашата понуда за јаглен (лигнит), кој одговара на техничката спецификација, заедно со сета барана придружна документација.

**Нашата понуда важи во рок од** _____ дена од датумот на поднесување на понудата во архивата на Купувачот, за кое време понудата е обврзувачка и може да се прифати во било кое време пред истекот на тој рок. (*минималниот рок е 45 дена*).

**Начин, рок и услови на плаќање:** се прифаќа рокот и услови за плаќање дефинирани од страна на Купувачот во оваа ТД.

Доколку нашата понуда биде избрана за најповолна, подготвени сме да доставиме гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот согласно барањата од оваа тендерска документација.

## I.1 ФИНАНСИСКИ ДЕЛ НА ПОНУДА ЗА РЕК Битола

**гранулација "орев" (согласно техничката спецификација)**

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 *** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Ред бр. | Потекло на јагленот – рудник/јагленово наоѓалиште, држава | Понудена количина во тони (т.) | Топлина во GJ по тон | Вкупно топлина во **GJ** за целата понудена количина од колона 3 (3*4) | Единечна цена на јаглен (лигнит) на паритет ДДП без ДДВ депонија Рек Битола изразена во **MKD/GJ** | Вкупна вредност за јаглен (лигнит) на паритет ДДП без ДДВ депонија Рек Битола изразена во **MKD (5*6)** |
| 1. | | | | | | |
| 2. | | | | | | |
| 3. | | | | | | |
| | | | | | ВКУПНО | |

*****Напомена: Вкупната вредност на понудата не мора да биде и вкупна вредност на договорот, таа ќе биде според планираните средства на Купувачот**

**Единечната цена на нашата понуда на паритет ДДП депонија РЕК Битола, без вклучен ДДВ изнесува:**

1. **За јаглен од рудник _________ _________ MKD/GJ, со зборови: ________________________________________ MKD/GJ**
2. **За јаглен од рудник _________ _________ MKD/GJ, со зборови: ________________________________________ MKD/GJ**
3. **За јаглен од рудник _________ _________ MKD/GJ, со зборови: ________________________________________ MKD/GJ**

Минималната дневна количина на јаглен која можеме да ја испорачаме изнесува: ___________ тони , односно _______тони месечно. *(мин. дневна кол. не може да биде под 2.000 тони јаглен)*

Со поднесување на оваа понуда, во целост ги прифаќаме условите предвидени во огласот и тендерската документација и не го оспоруваме вашето право да ја поништите постапката за доделување на договор за јавна набавка.

Име и Презиме

_____________________________

(потпис и печат)

_____________________________

М.П.

**Прилог II -** **Модел на Д О Г О В О Р**
**за набавка на стоки**
по отворен систем на понуди, бр. 01-97/2024

**СКЛУЧЕН ПОМЕЃУ :**

1. . **АД Елекрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје,**
ул. "11-ти Октомври" бр.9, со ЕМБС 6023754 и ЕДБ 4030005560757,
застапувано од Генералниот Директор, Васко Стефанов
(во понатамошниот текст- Купувач) и

2. ______________________________
ул..______________ бр. __, со ЕМБС __________ и ЕДБ ________,
застапувано од ______________________________________,
(во понатамошниот текст- Продавач)

## 1. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 1**

Предмет на овој Договор е купопродажба и испорака на јаглен (лигнит) за РЕК Битола во количина од околу **ххх.ххх тони,** согласно тендерската документација, техничката спецификација по јавен оглас бр. 01-97/2024 и понудата на Продавачот доставена по истиот оглас.
Јагленот е наменет за Подружница РЕК Битола.

Јагленот (лигнитот) е со потекло (рудник/земја на потекло) : ______________________.

## 2. КОЛИЧИНА, РОКОВИ И ДИНАМИКА НА ИСПОРАКА

**Член 2**

Испораката на јаглен ќе започне по стапување на договорот во сила и по дадена писмена нарачка од страна на Купувачот, односно Подружница РЕК Битола.
**Продавачот ќе испорача пробна количина на јаглен од околу 500 [t] после потпишување на Договорот**, (доколку претходно нема направено согорување на понудениот јаглен) и прием на прва нарачка од страна на Купувачот (РЕК Битола), во која ќе дефинира услови на испорака.

Тестирањето со пробните количини на јаглен, ќе се реализираат само доколку работи ТЕ Битола со цел да се утврди: мелливоста на јагленот во мелниците, согорувањето во котлите, процент на согорливи материи во шљаката и пепелта, параметрите по пароводен, гасовоздушен и јагленов тракт, емисијата на излезните гасови, со постоечката опрема, и при тоа задоволувајќи ги условите за сигурна и безбедна работа на котлите и останата опрема. Купувачот го задржува правото на откажување на набавката во колку при согорувањето на горивото се појават проблеми кои го нарушуваат процесот на согорување и ја загрозуваат стабилната и безбедна работа на котелот. Со пробното согорување ќе се утврди и самостојна согорливост на јагленот.

Доколку при согорувањето на смесата од јаглен од РЕК Битола и/или доставените пробни количини на јаглен во ТЕ (по овој договор) не може да се оствари стабилно согорување и нарушена е безбедната работата на котелот, договорот еднострано ќе се раскине, без да се наплати банкарската гаранција за квалитено и навремено извршување на договорот.

Испорака на пробните количини ќе се изврши во рок од 48 часа по добиена нарачка од страна на купувачот во која ќе дефинираат условите на испорака.

Минималната дневна количина јаглен да биде сса _______тони, односно _______ тони месечно, до исполнувањето на вкупната количина. *(мин. дневна кол. не може да биде под 2.000 тони јаглен)*

Јагленот ќе се транспортира до местото за вагање и одлагање според трасата дефинирана од Купувачот.

За испораките од претходните ставови од овој член, Купувачот ќе достави писмена нарачка, при што, рокот за започнување на испораките не може да е подолг од 72 часа од приемот на писмената нарачка (освен за првата нарачка).

Писмената нарачка особено ќе содржи:

1. Повикување на број на договор
2. Количина на набавка
3. Динамика на испорака и минимална дневна количина за испорака
4. Лице за контакт со потребни контакти (телефон/е-мејл/факс)
5. Други елементи значајни за реализација на нарачката

Зависно од своите потреби, Купувачот задржува право, еднаш дадената нарачка да ја корегира во смисла на намалување на вкупната количина или промена на дневната динамика.

Писмената нарачка и евентуалните корекции по истата, Купувачот е должен да ги достави до Продавачот по електронска пошта.

## 3. ЦЕНИ И ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 3**

**Единечната цена без ДДВ изнесува: ______________ MKD/GJ, со зборови ______________________ MKD/GJ**

Единечна цена е на паритет ДДП без ДДВ согласно ИНКОТЕРМС 2020 и ги содржи сите трошоци за навремена и квалитетна реализација на договорото вклучително и царинско шпедитерски трошоци.

Трошоците за перманентно одржување на депонијата и пристапните патишта околу депонијата се обврска на Купувачот.

Единечната цена е фиксна за цело времетраење на Договорот.

**Вкупната вредност на овој договор без ДДВ изнесува: ______________________ (според прифатената понуда или планираните средства на Купувачот утврдени со Одлуката за јавна набавка)**

## 4. ФАКТУРИРАЊЕ И НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ

**Член 4**

Со оглед на динамиката на испорака, рокот за фактурирање треба да биде што покус со цел да се овозможи спроведливост и контрола на испораките. Двете договорни страни ќе

договорат оптимален рок во кој ќе се врши фактурирањето.

Секоја фактура ќе биде поткрепена со:

- обострано потпишан извештај (за периодот кој ќе се договори) по денови за квантитативен прием на јагленот на основа на кантарните белешки од вагањето на секое товарно возило и
- обострано потпишан извештај (за периодот кој ќе се договори) по денови за резултатите од квалитативната анализа односно енергетската вредност на предадениот јаглен

Фактурирањето ќе се врши врз основа на количината на предаден јаглен, *кои ја исполнуваат договорената калорична вредност* изразено во вкупна топлотна вредност на единица GJ, помножено со единечната цена од член 3 од овој договор, а согласно следнава формула

$$C_{вкупно}\ [денари] = B\ [t] \cdot H_d\ [GJ/t] \cdot c_{единечна}\ [денари/GJ]$$

Каде е:

$C_{вкупно}$ [денари] – вкупната вредност на дневно испорачан јаглен во денари

$B$ [t] – дневно испорачаната количина на јаглен во тони

$H_d$ [GJ/t] – просечна долна калорична вредност на дневно применият јаглен

$c_{единечна}$ [денари/GJ] – единечна цена во денари за 1 килограм на јаглен во [денари/GJ]

Реализацијата на договорот ќе биде во Подружницата РЕК Битола. Подружницата ќе назначи одговорни лица за квалитативно и квантитативно следење, како и за следење на банкарската гаранција за навремено и квалитетно извршување на договорот и за тоа ќе го известат продавачот.

Обврска за следење на договорот, како и на банкарската гаранција за навремено и квалитетно извршување на договорот има и Продавачот и за тоа навремено ќе го информира Купувачот.

Плаќањето по овој Договор ќе се врши во рок од **30 дена**, сметано од првиот нареден ден по приемот на фактурата во архивата на Купувачот -Подружница РЕК Битола.

Фактурите поткрепени со испратница, Продавачот ги доставува на архивата на Купувачот на следната адреса:

- АД Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Подружница РЕК Битола, Новачки пат бб, Новаци, Битола.

Во фактурата да се назначи архивскиот број на Договорот заверен кај Купувачот.

## 5. КВАНТИТАТИВЕН И КВАЛИТАТИВЕН ПРИЕМ

**Член 5**

При приемот на предметот на овој Договор, Купувачот е должен да изврши квантитативен и квалитативен прием.

Количините на испорачаниот јаглен се утврдуваат со вагање на возилата на официјална колска вага лоцирана во Подружница - РЕК Битола

Вагата мора да биде прописно баждарена и запечатена според важечките прописи, а мерењето ќе се врши според пропишани стандарди за мерење. Купувачот ќе му достави валиден сертификат издаден од Бирото за метрологија за исправност на мерилото /вагата на која се врши мерењето.

При ниски температури, кога доаѓа до замрзнување на јагленот во камионите, Носителот на набавката на свој трошок ќе врши чистење на камионите при секое истоварување на

јагленот.

При испораката на јагленот-лигнит секојдневно да се врши квалитативна анализа на јагленот.

Земањето примерок се прави според пропишани стандарди на цца 300 [t] истоваран јаглен.

Квалитативна анализа ќе се прави според пропишани стандарди на цца 300 [t] истоваран јаглен.

Подружница РЕК Битола, задржува право, по свое наоѓање да прави проверка од секое транспортно средство на лице место пред истовар на депонија Подружница РЕК Битола.

Анализите се прават во лабораторијата на РЕК Битола и овој лабораторискиот наод ќе ја дефинира калоричната вредност на јагленот во дадената испорака на дневно ниво.

Земањето примерок обработката и изработката на анализа на јагленот се врши според пропишани стандарди и исто така се остава пробна анализа на испорачателот и една за арбитража.

Единица мерка за утврдување на топлинската вредност на испорачаниот јаглен е **GJ** и ја дава пресметковната категорија на испорачаната топлина, на чија основа се врши фактурирање и плаќање според овој договор.

Топлината во испорачаниот јаглен се утврдува врз основа на измерената тежина изразена во тони (т) и утврдената долна топлинска вредност, од репрезентативни примероци изразена во GJ/т.

Сумата на топлината од дневните испораки за пресметковниот период (минимум една недела – максимум еден месец), е прост збир на дневната просечно испорачана енергија.

Количините јаглен предадени / истоварени на депонија со помала дневна просечна калорична вредност од долната односно 1.600 kcal/kg (6.698 KJ/kg), кои негативно влијаат на условот на минималната калорична вредност од претходниот став, ќе бидат одбиени односно нема да бидат предмет на фактурирање.

Количините јаглен предадени / истоварени на депонија со поголема дневна просечна калорична вредност од горната, односно 2.400 kcal/kg (10.047 KJ/kg), ќе бидат признаени по горната калорична вредност и како такви ќе бидат предмет на фактурирање.

Купувачот го задржува правото на раскинување на договорот доколку анализите на јаглен отстапуваат од договорните или ја загрозуваат безбедноста на процесот и опремата,

Во случај од претходниот став, Купувачот задржува право и на едностран раскин на Договорот, со писмена најава без отказен рок.

## 6. ГАРАНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТНО ИЗВРШУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

### Член 6

За навремено и квалитетното извршување Договорот, Продавачот се обврзува да достави оригинална неотповиклива безусловна банкарска гаранција, платива на прв повик, во висина од **2%** од вредноста на договорот без вклучен ДДВ.

Доколку продавачот е странско правно лице, банкарската гаранција ја доставува во SWIFT форма преку кореспондентна банка на Купувачот.

Гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот ќе биде со важност подолга за најмалку еден месец од рокот за извршување, дефиниран во член 2 на овој договор.

Банкарската гаранција ќе биде во валутата на која гласи договорот, истата е предуслов за полноважноста на договорот, и се доставува истовремено со потпишаниот договор.

Недоставувањето на банкарската гаранција во рокот од претходниот став ќе значи ништовност на договорот и услов за активирање на банкарската гаранција на понудата.

Гаранцијата за навремено и квалитетно извршување на договорот ќе биде наплатена

доколку продавачот не постапува согласно договорните обврски, не исполни некоја од обврските од
договорот во рокот на стасаноста или во случај на раскинување на овој договор по вина на Продавачот, за што писмено ќе го извести продавачот, во кое ќе наведе дека Продавачот не постапува согласно договорните обврски. При тоа исплатата по гаранција ќе биде извршена без потреба од било какво дополнително објаснување или приложување на било каква документација.

Во случај кога е продолжен рокот за реализација на овој Договор или е зголемена неговата вредност, Продавачот се обврзува соодветно да ја продолжи важноста и вредноста на гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на овој Договор.

Доколку договорот за јавна набавка е целосно реализиран согласно договореното, банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот, Купувачот му ја враќа продавачот во рок од 14 дена од целосното реализирање на договорот.

## 7. ДОГОВОРНА КАЗНА

**Член 7**

Доколку не ги почитува договорните рокови,не ги исполнува или неуредно ги исполнува обврските предмет на овој Договор, Продавачот ќе му плати на Купувачот-соодветните служби во РЕК Битола пенали во висина од 0,1% од вкупната вредност на овој договор со ДДВ за секој започнат ден задоцнување, неизвршување или неуредно и неквалитетно извршување на договорот но не повеќе од 5 % од вкупната вредноста на овој Договор со ДДВ.

За износот на договорната казна Купувачот ќе му достави на Продавачот фактура, која Продавачот е должен да ја плати во рок од 8 (осум) дена од денот на нејзиниот прием во неговата архива. Продавачот се обврзува дека за задоцнето плаќање на фактурата од овој став да му исплати на Купувачот и законска казнена камата за секој ден задоцнување.

Купувачот-соодветните служби во РЕК Битола се обврзува без одлагање да му соопшти на Носителот на набавката, дека го задржува своето право на договорна казна поради задоцнување, неисполнување или неуредно исполнување на обврските од овој Договор, ако го прифати исполнувањето на обврските.

Наплатата на договорна казна, не го ослободува Продавачот од одговорноста да плати и претрпена штета.

## 8. ВИША СИЛА

**Член 8**

За целите на овој Договор, терминот „Виша сила" означува било каков неизбежен и непредвидлив настан, околност (кој ниту можел да се предвиди ниту да се спречи) надвор од контрола на договорните страни и кој се случил по влегувањето во сила на овој Договор и кој го попречува разумното исполнување на истиот.

За виша сила во смисла на овој договор ќе се сметаат елементарни непогоди, вооружени конфликти, терористички напади, саботажи, епидемии итн.

Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна за неисполнување на овој Договор до кое би дошло, во случај кога ќе настане Виша сила која го попречува или забавува извршувањето на овој Договор.

Страната засегната од настанот на Виша сила должна е во рок од 48 часа, писмено да ја извести другата страна за отпочнувањето и завршувањето на горенаведените околности, со наведување на причините за Вишата сила што, во случај на сомнеж, треба да се докаже од страна на надлежните органи.

## 9. <u>ИЗВЕСТУВАЊА</u>

**Член 9**

Во име на Купувачот, подружницата РЕК Битола е одговорна за реализацијата на договорот во неговата материјално - техничка и финансиска смисла.
Договорните страни се согласни дека доставувањето на сите писма во врска со овој Договор ќе бидат во писмена форма и ќе се смета за полноважно до колку биде извршено во архивата на договорните страни или по пошта со препорачана пратка со повратен рецепис, или преку електронска пошта, на следните адреси:

**<u>а)Купувач:</u>**
**АД ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА-Скопје,**
Подружница РЕК Битола
Новачки пат бб, Новаци
електронска пошта:

**<u>(б) Продавач:</u>**
___________________________
ул.____ бр. _________, ___________,
електронска пошта:

Договорните страни се согласни до колку го променат седиштето, односно за промената на истото, во рок од три дена од извршената промена да ја известат по пошта со препорачана пратка или лично со писмено известување, другата договорна страна, а во спротивно ќе се смета дека доставата на писмената е уредно извршена.

**Дневната оперативна комуникација ќе се врши од страна на:**
**<u>а)Купувач:</u>**
**АД ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА-Скопје,** Подружница ___________,
Техничка служба,
електронска пошта:
Лице:
тел.
Комерцијална служба,
електронска пошта:
Лице:
тел.

**<u>(б) Продавач:</u>**
____________________
електронска пошта:
Лице:
тел.

## 10. <u>ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ</u>

**Член 10**

Овој Договор влегува во сила со потпишувањето од двете договорни страни и доставување на банкарска гаранција согласно член 6 од овој договор.
Договорот се склучува за времетраење до исцрпување на вредноста дефинирана во член 3 на овој Договор, негово прекинување или раскинување, но не повеќе од 12 месеци.

## 11. РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 11**

Овој Договор може да се раскине и пред истекот на времето за кое е склучен, доколку една од договорните страни не ги извршува обврските согласно овој Договор како и во други случаи утврдени со Закон, со претходно писмено известување за раскинување на Договорот.

Купувачот има право на едностран раскин на овој договор, ако се исполни условот од последниот став на член 5 од овој договор.

## 12. ПРИМЕНЛИВИ ПРОПИСИ

**Член 12**

За се што не е предвидено со овој Договор ќе се применуваат одредбите од Законот за облигационите односи и друга законска и подзаконска регулатива која ја уредува материјата предмет на овој Договор, која важи во Р.С.Македонија.

## 13. ИЗМЕНА НА ДОГОВОРОТ

**Член 13**

Измени и дополнувања на овој Договор може да се вршат со анекс кон овој Договор, потпишан од двете договорни страни.

## 14. РЕШАВАЊЕ СПОРОВИ

**Член 14**

Евентуалните спорови ќе се решаваат спогодбено, а во случај тоа да не е можно, спорот ќе се решава пред надлежниот суд во Скопје.

**Член 15**

Овој Договор е составен во 4 (четири) еднообразни примероци од кои по 2(два) за секоја договорна страна.

| Продавач | Купувач |
|---|---|
| | **АД Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје** |
| **Управител** | **Генерален директор** |
| | Лазо Узунчев |
| ______________________ | ______________________ |

**Директор наСектор за комерцијални работи:**
Виктор Јовановски______________________

**Директор на Сектор за правни и општи работи:**
Ѓорѓи Ѓорѓиевски______________________

**Директор на Сектор за финансиски работи :**
Иван Стојановски______________________

**ПРИЛОГ III**

**Техничка спецификација за набавка на јаглен (лигнит) за потребите на РЕК Битола**

**Количина на набавката - 800 000 тони.**

1. Карактеристики на јагленот (лигнит):

| Ред бр. | Назив | Ознака | Гарантирани вредности |
|---|---|---|---|
| 1 | Влага | W [%] | 39-53 |
| 2 | Пепел | A [%] | <20 |
| 3 | Сулфур -фкупен | S [%] | <1 |
| 4 | Долна топлинска моќ | Hd [kCal/kg]/ [kJ/kg] | 1600-2400 /6698-10047 |
| 5 | Хардгров индекс | HG | >50 |
| 6 | Гранулација на јаглен | mm | -30+0.00 |

2. Јагленот ќе се транспортира до местото за вагање и одлагање според трасата дефинирана од Купувачот.
3. Организација на транспортот, транспорт и истовар на депонија е обрска на ЕО, додека одржувањето на депонијата и пристапните патишта е обврска на договорниот орган.
4. Опис и начин на извршување на транспортот до депонијата на РЕК Битола ќе го дефинира Купувачот и го задржува правото да го измени правецот на движење на камионите.
5. АД ЕСМ преферира и ги охрабрува понудувачите да понудат јаглен во согласност со оваа Техничка Спецификација.
6. АД ЕСМ ќе врши исплата само на јагленот со долна топлинска моќ во опсег од 1600-2400 [kCal/kg] и содржина на пепел помала од 20 [%].
7. АД ЕСМ во текот на евалуацијата ќе ги разгледува сите карактеристики на јагленот приложени во елементарно техничка анализа.
8. АД ЕСМ го задржува правото на откажување на набавката до колку при согорувањето на јагленот се појават проблеми кои го нарушуваат процесот на согорување и ја загрозуваат стабилната и безбедна работа на котелот.
9. Секој понудувач заедно со понудата да достави и цца 20 kg (дваесет килограми) количини од понудениот јаглен заради лабараториско тестирање во лабараториите на Купувачот во РЕК Битола.
(Пакувањето со тест количини да има прикачено затворен коверт со податоци од кое рудно наоѓалиште е јагленот и кој е понудувачот).
10. Лабараториското испитување од претходната точка е во функција на проверка на понудениот јаглен споредено со Техничката спецификација на Купувачот(прилог на оваа ТД) и Сертификатот за понудениот јаглен доставен од страна на понудувачот.
11. Резултатот од лабараториското испитување ќе влијае на/не прифатливоста на понудата.
12. Договорниот орган го задржува правото да направи проверка на примерокот од јаглен и во сертифицирана лабараторија која не е негова сопственост.
13. Доколку ЕО нуди јаглен кој до сега не е согоруван во ТЕ Битола, тогаш ЕО треба да донесе пробни количини од околу 500 тони, за пробно согорување при работа на ТЕ под услов да има прифатлива понуда во смисла на прифатливост на документацијата , техничките карактеристики и тест анализите. Ислкучок од доставување на пробни количини е во случај кога понудениот јаглен е веќе согоруван во РЕК Битола.
14. Испораката на пробните количини ќе се изврши во рок од 48 часа по добиена нарачка од страна на купувачот во кој ќе се дефинираат условите на испорака.

15. Пробните количини кои ги задоволуваат техничките карактеристики и се покажат како прифатливи во процесот на согорување ќе бидат платени по условите на Договорот.
16. Пробните количини кои не ги задоволуваат техничките карактеристики и се покажат како неприфатливи во процесот на согорување нема да бидат предмет на наплата.
17. На испорачаниот јаглен (лигнит) секојдневно ќе се врши квалитативна анализа на јагленот. Земањето на примерок се прави според пропишани стандарди на цца 300 [t] истоварен јаглен. Купувачот има право на инцидентно земање на примерок за анализа на јагленот и во случај на отстапувања на карактеристиките за наплата (дадени во точка 6 од техничката спецификација) , нема да изврши исплата на 300 [t] испорачан јаглен.

**Со понудата задолжително да се достави:**

- Елементарно техничка анализа (сертификат за квалитет) за понудениот јаглен, издадени од акредитирана лабараторија согласно стандардот EN 17025 или еквивалент која не е сопствесност на рудникот од каде се нуди јагленот и од кој ќе може да се утврди исполнетост на минимум техничките карактеристики на јагленот дефинирани во оваа техничка спецификација. Елементарно техничка анализа за понудениот јаглен не треба да е постара од 12 (дванаесет) месеци, сметано од денот на нејзиното доставување до АД ЕСМ.
- Сертификат од акредитација на лабараторијата.
- Цца 20 (дваесет) килограми тест количини од понудениот јаглен заради лабараториско тестирање во лабараториите на купувачот.

Одговорно лице на понудувачот
Име и Презиме

__________________________

(потпис и печат)

__________________________

М.П.

**Прилог број IV: -** Изјава за докажување на способноста – лична состојба

дадена од ________________________________________________________,
*[се наведува назив на понудувачот]*

Под целосна материјална и кривична одговорност, изјавувам дека во моментот на поднесување на нашата понуда, во постапката за набавка на јаглен (лигнит) за РЕК Битола, која се спроведува од страна на Акционерско друштво за производство на електрична енергија "Електрани на Северна Македонија", во државна сопственост – Скопје, по оглас број **01-97/2024**:

1. во последните пет години, на нашето друштво или на лицето кое е член на управниот или на надзорниот орган на истото или кое има овластувања за застапување или донесување одлуки или надзор врз него не ни е изречена правосилна судска пресуда за сторено кривично дело кое има елементи од следниве кривични дела утврдени во Кривичниот законик:
   - учество во злосторничко здружување,
   - корупција,
   - затајување даноци и придонеси,
   - тероризам или казнени дела поврзани со терористички активности,
   - перење пари и финансирање тероризам и
2. немаме неплатени даноци, придонеси или други јавни давачки;
3. не сме во постапка на стечај или во постапка на ликвидација;
4. не ни е изречена споредна казна забрана за учество во постапки за јавен повик, доделување договори за јавна набавка и договори за јавно приватно партнерство;
5. не ни е изречена споредна казна привремена или трајна забрана за вршење на одделна дејност;
6. не ни е изречена прекршочна санкција забрана за вршење професија, дејност или должност, односно привремена забрана за вршење одделна дејност

Место и датум

______________________

Одговорно лице

______________________

(потпис)